СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# 2018

**Издавач**
КОАЛИЦИЈА НА МЛАДИНСКИ
ОРГАНИЗАЦИИ СЕГА

**Автор**
Моника Илиоска Кантарџиоска

**Адреса**
Цар Самоил 18, п. Факс 166
7500 Прилеп, Македонија
E-mail: sega@sega.org.mk
Web: www.sega.org.mk

**Извршен директор**
Зоран Илиески

## Содржина

МЛАДИНСКА ПОЛИТИКА ........ 4
Проект: „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија“ ........ 4
Проект: „Зајакнување на младинската вклученост во локалните заедници“ ........ 5
Проект: „Застапување на Граѓанските Организации за активно младинско учество“ ........ 5
МЛАДИНСКО УЧЕСТВО ........ 6
Проект: BEIMUN, Кина ........ 6
Проект: “Македонски Модел на Обединетите Нации” ........ 7
МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ ........ 7
Проект: “Младински Информативен и Советодавен Центар – ИНФО СЕГА” ........ 8
НАЦИОНАЛНА КАМПАЊА „365 РАБОТНИЧКИ ПРАВА ЗА МЛАДИ“ ........ 10
Проект: „Младински Информативен Центар во Кавадарци“ ........ 11
ИНФО Клуб Штип ........ 13
Меѓународна соработка ........ 13
ERASMUS+ programme ........ 13
RYCO ........ 15
АДМИНИСТРАТИВНА РАМКА ........ 15

## МЛАДИНСКА ПОЛИТИКА

### Проект: „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија“

Проектот „Имплементација на Конвенцијата за Правата на Детето во Македонија“ продолжи да се спроведува и во 2018 година (3-та проектна фаза 2017 – 2019), финансиран од Детската Фондација Песталоци (Pestalozzi Children’s Foundation). Целта на проектот е да се подобри знаењето и вештините на учениците од 30 училишта знаењата и вештините за практикување на правото на учество на учениците во 30 училишта.

Преку проектните активности, 15.140 ученици, на возраст од 10-18 години, го искористија своето право да учествуваат во одлучувањето преку работилници, училишни активности, дебати. Моделите за учество на учениците применети во училиштата, т.е. ученичките парламенти и ученичкиот правобранител, придонесоа за зголемено знаење и вештини на учениците во сите проектни училишта. СЕГА спореде анкета за проверка на знаењата  и перцепциите на учениците со што 77% од анкетираните ученици од 16-те стари проектни училишта, изјавија подобрени знаења за правата на децата, како резултат на активностите што ги спроведуваат ученичките правобранители и училишните организации. Членовите на училишните организации доставуваа препораки за нивните активности до раководството на училиштето. Речиси половина од испитаниците од 16-те стари училишни училишта пријавиле зголемено влијание во донесувањето одлуки заради активностите на училишната организација. Во текот на 2018 година СЕГА ги примени проектните модели во нови 14 училишта.

Во рамките на соработката на СЕГА со Бирото за развој на образованието, беа спроведени теренски посети со цел увид во спроведувањето на Ресурсниот Пакет во проектните училишта. Врз основа на извештаите за набљудување на Бирото за развој на образованието, сите обучени наставници самостојно ги поддржуваа учениците за заштита на правата на децата, врз основа на изработениот Ресурсен пакет за ученичко учество и организирање.

Како резултат на ефективната соработка со Македонскот Центар за Граѓанско Образование (МЦГО) СЕГА учествуваше во работната група за ревизија на наставните планови за граѓанско образование. Според тоа, новите наставни програми за осмо одделение вклучуваат нови содржини за правата на децата (фокусирана на разбирање на правата на децата, право на учество и дискриминација).

Во текот на 2018 година, Коалиција СЕГА организираше 5 интеркултурни размени во детското село Песталоци во Швајцарија, во соработка со вклучените училишта во проектот. Преку Интеркултурните размени, вкупно 200 ученици имаа можност во период од 15 дневна размена да се здобијат со знаења, вештини и да се запознаат со правата на децата, меѓусебно разбирање и почитување. Учениците преку размените се запознаваат со принципите на меѓукултурниот дијалог и комуникација, толеранција и вредностите помеѓу различните култури. Како резултат на заедничката соработка на учесниците на Програмата за интеркултурна размена во Троген и Ученичкиот правобранител, беа информирани 1'630 студенти за правата на децата и интеркултурно образование и комуникација преку работилници.

***Проект: „Зајакнување на младинската вклученост во локалните заедници“***

Проектот „Зајакнување на младинската вклученост во локалните заедници“ (Strengthening Youth Engagement in Local Communities), поддржан од Проектот на УСАИД за граѓанско учество. Проектот се спроведува во период од 36 месеци (октомври 2017 – септември 2020 година). Главната цел на проектот е да се зголеми влијанието на младинските организации кон граѓанското учество во процесите на донесување одлуки на локално и национално ниво, со што ќе се придонесе кон подобрување на статусот и добросостојбата на младите луѓе во државата. Главната цел ќе биде постигната преку примена на иновативни алатки за детектирање на младински потреби, со фокус на граѓанско учество, зајакнување на знаењата и вештините на младинските организации за адресирање на актуелните потреби на младите луѓе со што ќе се подобри разбирањето за младинското учество во локалната заедница. Проектот воведува Индекс за Младински Развој во Македонија, како нова и иновативна алатка за адресирање на потребите на младите на сите нивоа. Проектот се спроведува во соработка со Агенцијата за млади и спорт.

Со проектот се воспостави Проектен Управен Одбор со цел консултација за спроведувањето на проектните активност. Главната активност за 2018 година беше развивање на Индекс за Младински Развој Македонија (ИМРМ). Индексот за Младински развој на Македонија е алатка која што беше развиена со цел да прибере информации за положбата на младите во рамки на заедницата во која што живеат, како и да ги утврди предизвиците со кои што тие се соочуваат со цел да се идентификуваат прашањата од приоритетно значење за младите и врз основа на аргументирана анализа да се дадат препораки за нивно надминување преку процесот на креирање политики на локални ниво. Индексот се базира на 5 приоритети: образование, здравство, вработување и можности, политичко учество и граѓанско учество, и вклучува каталог на индикатори (48) кои треба да даваат компаративен преглед за младинскиот развој на регионално и национално ниво.

На 04 април 2018 година, во хотелот АРКА во Скопје, УСАИД официјално го промовира Индексот за младински развој Македонија во рамките на проектот „Зајакнување на младинската вклученост во локалните заедници“, кој е поддржан од Проект на УСАИД за граѓанско учество.

Во текот на април - септември се спроведе прибирање на податоци на регионално ниво преку анкета со 1986 испитаници на возраст од 15 - 29 години, фокус групи со млади во сите 8 плански региони, прашалници до сите Општини (од кои 49 одговорија) и анализа на документација од релевантни извори. Во истражувањето учествуваа членките на СЕГА.

Во декември СЕГА одржа јавна промоција на првиот Извештај на Индексот за Младински Развој Македонија, во хотел ТЦЦ Гранд Плаза во Скопје, на кој учествуваа голем број организации и институции. За потребите на извештајот беше изготвена Интерактивна Мапа на Македонски, Албански и Англиски јазик (https://www.imrm.mk/).

***Проект: „Застапување на Граѓанските Организации за активно младинско учество“***

Коалиција на младински организации СЕГА во периодот од февруари до октомври 2018 го спроведуваше проектот „Застапување на Граѓанските Организации за активно младинско учество“ во партнерство со Здружение за рурален развој, Локална акциска група - Агро Лидер и Младинска иницијатива за регионален развој - МИРР од општина Кривогаштани.

Проектот се реализираше со финансиска поддршка на ПРЕДА ПЛУС , преку програмата за мали грантови од Проектот „Подобрување на активната вклученост на македонските граѓански организации во процесот на донесување на одлуки преку зајакнување на новооснованите граѓански организации“, финансиран од Европската Унија.

Цели на проектот:
**Општа цел:** Зголемен дијалог помеѓу ГО, младите и донесувачите на одлуки на локално ниво.
**Специфична цел:** Зајакнати капацитетите, учеството и влијанието на ГО кои ги застапуваат младите во процесите на донесување на одлуки преку менторство, лобирање и поддршка.

Целна група: Граѓански организации од општина Кривогаштани кои работат со млади и Совет на млади од општина Кривогаштани.

Активности:
Воспоставување на проектен тим и локални координатори; Развој на акциски план за обуки за градење на капацитети; Дизајн на промотивен материјал; Состаноци на проектниот тим и коапликант и соработник организација состанок со претставници на општина Кривогаштани; Потпишување на Меморандум за соработка со општина Кривогаштани и Совет на Млади при општина Кривогаштани; Воспоставување на активна соработка со Советот на млади во општина Кривогаштани и нивна поголема промоција кај младите преку организирање на неформални средби; Спроведување на обуки за: застапување и лобирање и Обука за структурен дијалог и изготвување на позициски документ, обука за финансиско и административно работење, обука за проектен циклус и обука за ффинансиско работење на ГО; Спроведување на три локални дискусии со млади, претставници од ГО и донесувачи на одлуки; Креирање на Документ со препораки за Поттикнување на младинското учество на локално ниво; Јавен настан и приказ на резултатите и официјално доставување на Позицискиот документ за поттикнување на младинско учество до донесувачите на одлуки.

Резултати:
- Изготвена програма за јакнење на капацитетите на ГО
- Развиени капацитети на членовите на ГО и советот на млади преку реализација на сет од обуки
- Развиени вештини за застапување и лобирање преку методот на Структурен Дијалог кај членовите на ГО и Советот на Млади
- Зајакната соработка на младинските организации со општина Кривогаштани
- Оспособени членови на ГО и Советот на млади да подготвуваат позициски документи.
- Изготвен позициски документ за поголемо младинско учество.

## МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

***Проект: BEIMUN, Кина***

На покана на Меѓународното Училиште на Пекинг, претставници на Коалиција на младински организации СЕГА учествуваа на Конференцијата на BEIMUN. Меѓународното Училиште на Пекинг (International School of Beijing) ја организираше својата јубилејна 25 по ред меѓународна годишна конференција на Модел на Обединети Нации во периодот од 15 – 18 март 2018 година.

Делегацијата од Македонија ја сочинуваа 2 претставници на Коалиција СЕГА и 6 средношколци од различни градови, селектирани преку јавен повик и процес на интервју.

## Проект: "Македонски Модел на Обединетите Нации"

Во 2018 година Коалиција на младински организации СЕГА продолжи да ја спроведува програмата во своето работење – Македонски Модел на Обединети Нации (ММОН). Моделот на Обединети Нации ги вклучува младите во проучување и дискусија за глобалните прашања, поттикнува развој на вештините корисни за животот, како што се истражување, пишување, јавно говорење, градење на консензус, решавање на конфликти, постигнување компромис и соработка.

Преку имплементација на активностите предвидени за проектот "Македонски Модел на Обединети Нации" зајакнати се капацитетите на млади луѓе од Македонија, учесници во проектот, за дипломатија, решавање на конфликти и јавно говорење преку симулација на работата на Обединетите Нации. Со тоа, се придонесе кон остварување на општата цел на проектот односно обезбедување на структурна, инклузивна и поттикнувачка средина за младите луѓе преку која ќе станат активни граѓани кои придонесуваат за прогресивен развој на Р.Македонија.

Во текот на подготвителната фаза беа реализирани координативни состаноци со проектниот тим, објавени беа повици за селекција на тим лидери и напредни учесници, истите беа селектирани и воспоставени беа тимови. Понатаму, беа одржани обуки и работилници со цел зајакнување на капацитетите на учесниците на проектот, односно обуки и работилници за тим лидери, делегати, и напредни учесници - Претседавачи со Комитети, Генерален Секретар. Конференција на Македонски Модел на Обединети Нации беше одржана во април 2018. Активностите поврзани со воспоставување на тимови и градење на капацитети се реализираа пред и после завршување на Конференцијата како континуиран процес за јакнење на капацитетите на младите за дипломатија, решавање на конфликти и јавно говорење, и Евалуација.

Со проектот "Македонски Модел на Обединети Нации" беа опфатени 160 средношколци и студенти од Република Македонија: 14 тим лидери, 135 делегати, 9 претседавачи со комитети, 1 Генерален Секретар и 1 Заменик Генерален Секретар. Индиректно беа опфатени ученици и студенти на возраст од 16 – 26  години, средни училишта и факултети, и младински организации.

## МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ

Проектот **„Младински Информативен и Советодавен Центар – ИНФО СЕГА"** (МИСЦ) продолжи да се спроведува преку двата Информативни Центри на СЕГА во Прилеп и Кавадарци и во 2018 година. **Целта на проектот** е придонес во имплементацијата на Акциониот План за имплементација на Националната Стратегија за Млади и акциите кои се однесуваат на зголемување на младинското информирање.

Реализирани активности од ИНФО СЕГА Прилеп во 2018 година:

1. **Обезбедување на информации од областите: култура, волонтерство и размена**

Во текот на јануари - декември 2018 година персоналот на МИСЦ ги ажурираше информациите за патување (локален и градски превоз), информации за здравство (дежурни аптеки) и за културните манифестации и активности во Прилеп. Секојдневно беа прибирани информации за стипендии, семинари, обуки, конференции, волонтирање, вработување итн. Овие информации се објавуваат на web страната на ИНФО СЕГА www.infosega.org.mk и секојдневно се ажурираат. Во периодот јануари – декември на веб страната на ИНФО СЕГА имаше 15.640 посети.
Најновите информации за тековни повици и конкурси редовно се испраќаат на mailing листата infosega@infosega.org.mk која е сочинета од 3000 е-маил адреси.

2. **Промовирање на МИСЦ**

**2.1. Промовирање на услугите на МИСЦ во средните училишта**

Согласно планот за промоција и видливост на центарот помеѓу средношколците во општина Прилеп, ИНФО СЕГА и оваа година продолжи со одржување на промоции за услугите што ги нуди во средните општински училишта. Во периодот јануари – мај 2018 беа одржани 6 презентации на ИНФО СЕГА и беа директно опфатени 182 средношколци од средните училишта во Прилеп. Овие настани се одржуваа во училиштата, а на истите се презентираа информации наменети за средношколците, како што се: стипендии за матурантите, информации за тековните конкурси за стипендии за средношколците, информации за дополнителните услуги на ИНФО СЕГА.

**2.2. Одбележување на поважни датуми**

- ***Одбележан „Денот на мајчиниот јазик" 21 февруари***

По повод одбележување на „Денот на мајчиниот јазик" 21 февруари, беше објавен конкурс во соработка со СОУ Ѓорче Петров, „Ајде да твориме на мајчин јазик" на слободна тема за креирање на есеј, расказ, драма, поема и слично .
На 26.02.2018 година во просториите на Библиотеката на СОУ Ѓорче Петров беше одржан настан и официјално беа доделени симболични награди, книги и благодарници на учениците за најдобрите дела. Овој настан имаше за цел да ги поттикне младите да творат на мајчиниот јазик. На настанот присуствуваа ученици, професори, директорот на СОУ Ѓорче Петров и ЕВС волонтерите од ИНФО СЕГА .

- ***ИНФО СЕГА одржа креативни работилници со ученици по повод Меѓународниот Ден на жената 8ми март***

- На 02 март 2018 година, тимот на ИНФО СЕГА одржа креативна работилница со 20 ученици, во IV-3 одделение, од ОУ. „Климент Охридски" - Прилеп. На оваа работилница учениците заедно со ЕВС волонтерите од Франција и Романија, изработија честитки по повод Денот на жената 8ми март.
- На 5 и 7ми март 2018 година во просториите на ИНФО СЕГА, се одржаа креативни работилници со ученици од гимназија „ Мирче Ацев "- Прилеп, кои изработија честитки повод Денот на жената 8ми март со цел да бидат продавани во центарот на Прилеп.

- ИНФО СЕГА го одбележа Меѓународниот Ден на жената 8ми март

На 8 март 2018 година, од 12.00 часот во центарот на Прилеп, тимот на ИНФО СЕГА и Младински Совет Прилеп со ЕВС волонтерите од Франција и Италија симболично го одбележаа Денот на жената преку продавање и делење на рачно изработени картички. Картичките беа изработени од ЕВС волонтерите и локални млади волонтери на креативни работилници организирани во ИНФО СЕГА.

- ***Одржани две креативни работилници по повод празникот „Велигден"***

Во април, 2018 година во ОУ Климент Охридски во времетраење од два училишни часа беа одржани Креативни работилници по повод празникот Велигден. Работилниците имаа за цел поттикнување на креативниот дух кај учениците во Прилеп.
Работилниците ги спроведе тимот на ИНФО СЕГА заедно со ЕВС волонтерите од Франција и Романија. На час по ликовно образование, учениците со помош на волонтерите изработија велигденски украси кои наредната недела беа продавани на училишниот панаѓур. На работилниците присуствуваа 21 ученик.

- ***Креативни работилници со млади за изработка на новогодишни честитки и украси***

- Во месец декември во просториите на ИНФО СЕГА се одржаа 5 креативни работилници за изработка на новогодишни честитки. Учесниците изработија снешковци и декорации кои беа продавани на новогодишниот панаѓур во ОУ Климент Охридски.

- ***ИНФО СЕГА учествуваше на Предновогодишен панаѓур кој се одржа во ООУ „Климент Охридски"- Прилеп***

На 29 декември 2018 година ИНФО СЕГА учествуваше на Предновогодишен панаѓур кој се одржа во ООУ „Климент Охридски"- Прилеп. На панаѓурот се продаваа новогодишните честитки и украси кои беа изработени од волонтерите на Младински Совет Прилеп и ИНФО СЕГА на креативна работилница. Собраните средства беа донирани во хуманитарни цели.

### 2.3. Одржани 11 детски креативни работилници во ИНФО СЕГА

Во текот на летниот период ИНФО СЕГА Прилеп одржаа серија на креативни работилници (десет) со деца и млади од основните општински училишта од Прилеп. Учесниците на работилниците имаа можност да го погледнат најновиот DISNEY анимиран филм ZOOTOPIA и FINDING DORY, да изработуваат Летно Морнарско оригами, креативни летни рамки за фотографии, да учествуваат на работилница за „Тимска работа и неформално образование", креативната работилница на тема „Културна размена" и креативна работилница за „Плетење накит и белезици" како и да се забавуваа и се запознаа со неформалното образование. Во текот на сериалот од работилници децата и младите исто така учествуваа на работилница со тема „Раскажување Приказни" и креативна работилница на тема „Креирање приказна и емитување на истата на радио програма" на младинското Радио ПУЛС.
Во текот на летото преку овие креативни работилници беа опфатени 170 деца и млади од Општина Прилеп на кои на крајот им беа доделени пофалници за нивната посветеност и посебен интерес за креативните летни работилници.

### 2.4. Координативни состаноци

Во периодот јануари – декември 2018 беа организирани 20 координативни состаноци помеѓу тимот на СЕГА и тимот на МИСЦ од Прилеп и Кавадарци. На состаноците се разговараше за планираните годишни активности и напредокот на нивна имплементација. Се мониторираа постигнатите периодични резултати и се правеше евалуација на веќе

спроведените активности. Помеѓу тимот и волонтерите на МИСЦ беа организирани 15 координативни состаноци.

***НАЦИОНАЛНА КАМПАЊА „365 РАБОТНИЧКИ ПРАВА ЗА МЛАДИ“***

Од 01 јануари 2018 година, Младинските Информативни и Советодавни Центри ИНФО СЕГА од Прилеп и Кавадарци во соработка со Факултети.мк и Конфедерација на Слободни Синдикати на Македонија официјално ја започнаа Националната кампања „365 работнички права за младите“.
Кампањата „365 работнички права на младите” се спроведува со поддршка Програмата за децентрализирана соработка помеѓу регионот Нормандија и Македонија, Агенција за млади и спорт на Република Македонија и Државниот Инспекторат за Труд.

Партнери на кампањата: Младински Совет Прилеп, Волонтерски центар Скопје, Рурална коалиција, Кул младина Штип, Центар за економски анализи ЦЕА, Мрежа за поддршка на претприемачи, Здружение за мултикултурна интеграција Инклузија, Форум 16, МИРР, Рома Прогрес, Граѓанска иницијатива на жени и Еколоџик.

- **Гостување во радио емисија – Македонско Радио 2**

На 09.01.2018 година претставник од Младински Информативен Центар ИНФО СЕГА Кавадарци беше дел од програмата во живо на Македонско радио 2 каде што се зборување за новата кампања 365 работнички права за млади. Се зборуваше за целта на кампањата, која група на млади ги опфаќа, кои се активностите и очекуваните резултати кои треба да се постигнат. Во текот на 2018 година, Младински Информативен Центар „ИНФО СЕГА“ Кавадарци ќе гостува на повеќе локални и национални медиуми, со цел промоција на Националната кампања.

- **Анкета на тема „Колку сте запознаени со вашите работнички права“**

На 17.01.2018 година официјално беше поставена анкета на тема „Колку сте запознати со вашите работнички права“. Анкетата беше поставена на веб и фејсбук страните на Младински Информативен Центар „ИНФО СЕГА“ со цел да се опфати голем број на млади и да се добијат резултати за тоа колку тие се запознаени со нивните работнички права. Анкетата е отворена за пополнување од 17.01.2018 до 01.02.2018 година.

- **Објавување на работничко право**

Во текот на месец јануари, секојдневно се споделуваше по едно работничко право од Законот за работни односи, на веб страната и социјалните мрежи на „ИНФО СЕГА“ (facebook, instagram I twitter). Работнички права ке се споделуваат секој ден, до 31.12.2018 година.

- **Панел дискусија „Колку се почитуваат работничките права“**

На 07.02.2018 година во ЕУ Инфо центар во Скопје се одржа панел дискусија на тема „Колку се почитуваат работничките права“. На оваа панел дискусија присуствуваа млади, претставници од организации и институции. Целта беше да се претстави кампањата, да се споделат резултатите од спроведената анкета на тема „Работнички права на млади“ и да се дискутира на темата за почитување на работничките права.

- **ИНФО ДЕНОВИ**

Во месец мај 2018 година, во Прилеп и Кавадарци се одржаа ИНФО Денови за кампањата „365 работнички права за млади“. На инфо деновите младите се информираа за кампањата која ја спроведуваат двата младински информативни центри ИНФО СЕГА на Коалиција СЕГА и се информираа за своите работнички права.

## Проект: „Младински Информативен Центар во Кавадарци“

Проектот „Младински Информативен Центар – ИНФО СЕГА“ (МИЦ) продолжи да се спроведува и во 2018 година. Центарот ги реализираше следниве активности:

1. **Обезбедување на информации од областите: култура, волонтерство и размена**

Во текот на јануари - декември 2018 година персоналот на МИЦ ги ажурираше информациите за патување (локален и градски превоз), информации за здравство (дежурни аптеки), спортски настани и за културните манифестации и активности во Кавадарци. Секојдневно беа прибирани информации за стипендии, семинари, обуки, конференции, волонтирање, вработување итн. Овие информации се објавуваат на web страната на ИНФО СЕГА www.infosega.org.mk и секојдневно се ажурираат. Во период јануари – декември на фејсбук страната на ИНФО СЕГА имаше 1200 допаѓања.
Најновите информации за тековни повици и конкурси редовно се испраќаат на mailing листата infosega@infosega.org.mk која е сочинета од 3,000 е-маил адреси.

2. **Промовирање на МИЦ**

***2.1. Промовирање на услугите на МИЦ во средните училишта***

Согласно планот за промоција и видливост на центарот помеѓу средношколците во општина Кавадарци, ИНФО СЕГА и оваа година продолжи со одржување на промоции за услугите што ги нуди во средните општински училишта. Во периодот јануари – мај 2018 беа одржани 3 презентации на ИНФО СЕГА и беа директно опфатени 100 средношколци од средните училишта во Кавадарци, а на истите се презентираа информации наменети за средношколците, како што се: стипендии за матурантите, информации за тековните конкурси за стипендии за средношколците, информации за дополнителните услуги на ИНФО СЕГА.

3. **Координативни состаноци**

Во периодот јануари – декември 2018 беа организирани 20 координативни состаноци помеѓу тимот на СЕГА и тимот на Младински Информативен Центар „ИНФО СЕГА”. На состаноците се разговараше за планираните активности и нивна имплементација. Се мониторираа постигнатите периодични резултати и се правеше евалуација на веќе спроведените активности.
Помеѓу тимот на ИНФО СЕГА и ЕВС волонтерите беа организирани 15 координативни состаноци. На овие состаноци се поставуваа одредени цели и активности и воедно се спроведуваше евалуација на се она што е постигнато во изминатиот период.
На 28.01.2018 и 29.01.2018 година се потпишаа меморандумите за соработка со СОУ Гимназија “Добри Даскалов” и ООУ “Тошо Велков – Пепето”.

4. **Одбележување на поважни датуми**

***4.1. Одбележан Интернационалниот ден на мајчиниот јазик***

По повод Интернационалниот ден на мајчиниот јазик, ИНФО СЕГА Кавадарци го објави литературниот конкурс под мотото „Ајде да твориме на мајчин јазик“. Конкурсот беше објавен во две локални училишта и тоа: ООУ „Тошо Велков – Пепето“ кое учествуваше со 10 творби и СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ со 5 творби, а се доделуваа награди – збирки поезија – публикации. Целта на конкурсот беше да се одбележи Интернационалниот ден на мајчиниот јазик, да се разбуди свеста кај младите за значењето на мајчиниот јазик, а и за зајакнување на соработката со училиштата. Беа доделени се сертификати за 1, 2 и 3 место на учениците, исто така и Благодарници за училиштата. Настани се реализирани во двете училишта, заедно со менторите на учесниците, учесниците како и нивни соучесници.
Од творбите е изработена и електронска збирка која е достапна на веб страната за читање, но и за преземање во PDF фајл.

### *4.2. Креативна работилница по повод Осми март, Меѓународниот ден на жената*

На 08 март 2018 година во просториите на ИНФО СЕГА Кавадарци, а по повод одбележување на 8ми Март Меѓународниот ден на жената, се одржа креативна работилница со учество на 12 ученици од основно училиште со цел развивање на креативноста кај младите. На креативната работилница се изработуваа цветови од повеќе видови хартија во различни бои, а под менторство на младинските работници и волонтерите во центарот.

### *4.3. Обележување на Светскиот ден на планетата земја*

По повод Светскиот Ден на планетата Земја во Градскиот парк во Кавадарци („полицајско паркче“), Младински центар Креактив од Кавадарци во соработка со тимот на ИНФО СЕГА Кавадарци организираа едукативен настан за учениците од основните училишта. Притоа, учествуваа стотина ученици од ОУ „Тошо Велков-Пепето“ - Кавадарци.

### *4.4. Меѓународен ден на волонтеризмот – 5ти декември*

На 05 декември 2018 година се одржа настан во центарот на градот по повод Интернационалниот ден на волонтеризмот. ИНФО СЕГА настанот го организираше во соработка со останатите младински организации од Кавадарци: Креактив, АЦЕ НВО и Црвен крст. Активностите на настанот вклучуваа различни игри за млади: квизови, скокање со вреќа, погодување на шишиња, игри со бројки, бабл спич и други. Исто така младите имаа можност да се запознаат директно со волонтеризмот, а воедно како главната цел на настанот, преку разговор со волонтерите за тоа што е волонтерство и нивните мотиви за волонтирање. Младински информативен центар ИНФО СЕГА со свој штанд се презентираа информациите за програмата Еразмус. Настанот беше посетен од страна на 150 млади од Кавадарци.

### *4.5. Креативна работилница за изработка на новогодишни честитки*

На 20 декември 2018 година во просториите на ИНФО СЕГА се одржа креативна работилница за изработка на новогодишни честитки и украси. На работилницата учествуваа 12 млади од основните училишта: „Димката Ангелов Габерот”, „Тошо Велков Пепето”, „Тоде Хаџи Тефов“. Направените честитки послужија за украсување на просториите на ИНФО СЕГА.

## 5. **Летни Креативни работилници во ИНФО СЕГА:**

Во текот на целиот летен период под раководство на ЕВС волонтерите од Центарот и тимот на ИНФО СЕГА Кавадарци се одржуваа различни креативни работилници од серијата „Летни креативни работилници“. Главната цел на сите работилници беше да им се даде на младите можност да се едуцираат во текот на летниот период преку работа на својата креативност. Во некои од работилниците беа вклучени и претставници од НВО Креактив и млади средношколци.

Во текот на летните работилници се користеа различни методи за работа и вклучување на учесниците во истите при што беа организирани тематски работилници преку кои младите ги развиваа своите креативни и комуникациски вештини. При тоа беа организирани работилници на тема „Изработка на Оригами“, “Музички инструменти од рециклиран материјал”, креативни работилници „Време е за самба“, „Плетење на коса“, „Приказни со игри“, „Креативно пишување“ и „Јазична работилница“ „Игри со зборови“ како и работилници за интеркултурна едукација на теми „Културна размена“ и „Потрага по скриено богатство”. Во текот на летните креативни работилници беа вклучени повеќе од 150 млади од Кавадарци.

Во 2018 година, Младинскиот информативен центар „ИНФО СЕГА“ Кавадарци спроведуваше проектни активности од следните проекти: „Балканска платформа за младинско учество и дијалог“, ЕВС проекти “Youth Creativity club” и “Youth information NOW”, проект од Мировен Корпус, Македонски модел на Обединетите Нации, Национална кампања „365 работнички права за млади“, УНДП „Преку спорт до подобар соживот“, младинска иницијатива „Вклучи се и ти, заедно да сме активни“, „Имплементација на конвенцијата за права на детето во Р. Македонија“, C.O.D.E aBc.

***Проект: ИНФО Клуб Штип***

Проектот ИНФО Клуб Штип се спроведуваше во периодот од октомври 2018 до јуни 2019 година во просториите на Универзитетот Гоце Делчев Штип, Кампус 2. Целта на младинскиот Инфо клуб беше да им обезбеди точни и навремени информации на сите заинтересирани студенти, потенцијални корисници на мерките од Опративниот план за вработување на АВРМ и да служи како мрежно средство со бизнис-секторот и центрите за вработување во конкретниот регион.

Работата на Младинскиот Инфо клуб во Штип беше фокусирана на споделување на информации и советување за младите, особено за студентите кои дипломираат на униврзитетот во Штип.

Младинскиот Инфо клуб им помогна на корисниците да се запознаат со условите и придобивките што се нудат преку Оперативниот план на Владата на Р.М за разни програми за вработување, можности за работа и воспоставување на бизниси и обезбеди соодветни начини за упатување на младите и за советување. За таа цел, се воспостави дневна комуникација со претставниците на центарот за вработување од Штип, стопанските комори, приватниот бизнис сектор, регионалниот центар за промоција на претприемништвото, граѓански организации кои работат во Штип и со УНДП.

Број на млади кои се опфатиле преку активностите на Инфо Клубот за 2018 година: 155

Број на настани / инфо денови / работилници кои се реализирале во текот на 2018 година: 8

**Меѓународна соработка**

***ERASMUS+ programme***

**“Information Access for youth”**

Коалиција СЕГА го спроведуваше проектот "Information Access for youth" во периодот од 01 јануари – 31 декември 2018 година во рамките на Европскиот Волонтерски Сервис и со поддршка од програмата Еразмус +. Овој проект се спроведуваше во парнерство со трите организации кои испратија свој волонтер: Tambour Batant – Франција, Centre for European Initiatives -Бугарија, и GSM GENCLIK SERVISLERI MERKEZI DERDEGI - Турција. Проектот го реализираа 3 волонтери и тоа од Франција: Пол Деибер Кнехт, Бугарија: Велин Тодоров Недков, Турција: Ирем Демиркол.

Главен фокус на проектот беше младинско информирање. Проектот имаше за цел да ја промовира важноста од употреба на онлајн и офлајн алатки за информирање меѓу младите како и актуелните можности за младите. За време на проектот волонтерите работеа на развивање на Европски дух, креативност, интеркултурно учење, критичко размислување, волонтерска свест кај младите преку реализација на различни активности на неформално образование, креативни работилници, инфо денови и средби.

**"Youth information NOW"**

Во јули 2018 година СЕГА започна да го спроведува проектот "Youth information NOW" а истиот е предвидено да трае до крајот на 2019 година. "Youth information NOW" е во рамки на Европскиот Волонтерски Сервис и со поддршка од програмата Еразмус +, а во партнерство со организациите испраќач од три различни држави Backlash – Шпанија, GSM GENCLIK SERVISLERI MERKEZI DERDEGI – Турција, и Associazione Culturale Strauss Arcistrauss – Италија.

Проектот "Youth information NOW" е продолжение на успешно спроведениот ЕВС проект од 2017 година "Information Right Now" во кој учествуваа три волонтери од Италија. Целта на проектот е да се се развијат информативни алатки кои ќе бидат поблиски до младите, а во исто време развивање на креативноста кај младите преку мултикултурни активностии унапредување на комуникациски вештини кај младите. ЕВС волонтерите од проектот "Youth information NOW" се вклучија во онлајн и офлајн активностите и ја поддржаа кампањата на СЕГА "365 работнички права за младите".

**"Youth Information centres fit for NEET"**

Коалиција СЕГА го спроведуваше проектот "Youth Information centres fit for NEET" во рамки на Еразмус+ програмата во Клучна Акција 2. Во рамки на овој проект покрај останатите активности беше организирана Конференција во Хрватска во партнерство со Regionalni info centar za mlade RI од Хрватска и EPI од Полска.

Во рамки на Еразмус+ програмата, во текот на 2018 година, СЕГА воспостави соработка со голем број на организации како партнер во проектите:

**"Exploring and unveiling youth potential through volunteering (IK Splore)"** воспоставена е соработка со Udruga IKS од Хрватска, за спроведување на проектните активности Creative Summer 2018 and International Volunteer Day 2018 испрати 6 млади – волонтери во Хрватска.

За реализација на проектот **"Youth agents for social change",** воспоставена е соработка со Uzicki centar za prava deteta (UCRC) од Србија. Проектот предвидено е да се спроведува 12 месеци а започна во мај 2018 година. Во рамки на овој проект се реализираше размена со

вкупно 30 млади и follow up активности кои опфатија 328 млади. Втората размена во рамки на проектот ќе се реализира во 2019 година.

***RYCO***

Коалиција СЕГА во 2018 година воспостави соработка и партнерство со “Women´s Network Equality in Decision Making (EDM)” од Албанија, и “ZANA" од Косово за проектот "**Youth Start Up for Reconciliation and Cooperation in the Western Balkans**", Овој проект беше финансиран од RYCO преку програмата "**A BETTER REGION STARTS WITH YOUth**". Преку младинска размена и кративни активности СЕГА и партнерите работеа на инспиративни промени, помирување и меѓукултурен дијалог во регионот.

**Intercultural exchange program in Children’s Village Pestalozzi**

Во рамки на проектот “Имплементација на Конвенцијата на правата на детето во Р.Македонија”, Коалиција СЕГА во партнерство со Детската фондација Песталоци организираше пет интеркултурни размени на кои главна тема беа Детските права, Антидискриминација, Идентитет, и Интеркултурна комуникација. Младинските размени се одвиваа во Швајцарија во Детското село Песталоци помеѓу деца од Македонија и деца од различни држави: Молдавија, Украина, Србија, Швајцарија, Русија, Полска, Белорусија и Турција. Преку оваа програма беа опфатени 200 млади како директни учесници на размените и летниот камп, додека повеќе од 1300 млади учествуваа индиректно преку follow up активностите спроведувани од учесниците на интеркултурните размени.

**АДМИНИСТРАТИВНА РАМКА**

**Управниот одбор** на Коалиција СЕГА, во 2018 година се состана три пати: на 27 февруари, 25 мај, и 08 ноември. На состаноците се дискутираше за имплементацијата на тековните активности на СЕГА, учеството на СЕГА во процесот за донесување на Закон за млади и се разгледуваа новите апликации за членство во Коалиција СЕГА.

**Собранието на Коалиција СЕГА** во 2018 година беше одржано на 08 ноември во просториите на Граѓански Ресурсен центар во Скопје. На оваа седница на Собранието на СЕГА беше усвоен записникот на претходната седница на Собранието; беа разгледани и усвоени Програмскиот извештај за работата на СЕГА за периодот на 2018 година; Финансискиот извештај за работата на СЕГА за периодот на 2018 година; Годишната програма на СЕГА за 2019 година; како и Извештајот за работата на Управен Одбор за периодот на 2018 година; и беше ревидирано на членството на Коалиција СЕГА. На Седницата од Собранието, учество зедоа: претставник од Асоцијација за демократски иницијативи (АДИ) и претставник од Агенција за млади и спорт. Претставникот од Асоцијација за демократски иницијативи сподели искуства од спроведувањето на грантовите во рамките на Проектот на УСАИД за Граѓанско Учество (Civic Engagement Project) и информираше за нови можности за грантирање во рамки на програмата; а претставникот од Агенција за млади и спорт, кој исто така зеде учество на Седницата, даде осврт на програмите и можностите за млади во текот на 2018 година а во исто време беше нагласено дека АМС работи на развивање на

соработката со Коалиција СЕГА во полето на млади. На крајот, Собранието даде свои препораки за правецот на делување на СЕГА во иднина.

До 31 декември 2018 година во Коалиција СЕГА членуваат вкупно 27 младински организации (10 основни и 17 придружни организации членки).

**ЗА СЕГА**

**Коалиција на младински организации СЕГА**

- Резиме -

Коалиција на младински организации СЕГА е национална платформа на младински организации активна во полето на лобирање за промени во младинските политики, посветена кон подржување на младинскиот активизам, подобрување на пристапот до информации и учеството на младите луѓе во активности за решавање на нивните проблеми. СЕГА како одржлива и развиена младинска коалиција овозможува младите да веруваат во себе, да ги остваруваат своите интереси, да креираат и да градат.

Коалиција СЕГА даде значаен придонес во креирањето на Националната Стратегија за Млади на Р.М. и Акциониот План за имплементација на Националната Стратегија за Млади на Р.М. Во 2009 година подготви Алтернативен извештај за имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето во Македонија. Извештајот беше презентиран во 2010 година пред Комитетот за Правата на Детето при Обединетите Нации во Женева. Препораките од Алтернативниот извештај (истата година) беа презентирани пред Комисијата за труд и социјална политика при Собранието на Република Македонија.

Во 2010 година, СЕГА спроведе национално истражување за Младинските трендови и младинското организирање во Р.М., тоа е прво истражување од сеопфатен карактер после истражувањето направено во 2003 за потребите од креирање на Националната стратегија за млади.

Со цел да се зголеми учеството на младите во донесување на одлуки и креирање на политики, Коалиција СЕГА го поддржа процесот на формирање на Совети на млади во 7 општини (Кавадарци, Штип, Свети Николе, Теарце, Струмица, Радовиш и Неготино) и Град Скопје и ги постави првите практики за гарантирање на институционалното учество на младите во општините. СЕГА континуирано работи на јакнење на капацитетите на Советите на млади.

Врз база на европските искуства и стандардите на Европската Агенција за Младинско Информирање и Советување (ERYICA), а во насока на зголемување на информираноста на младите во 2010 година СЕГА во Прилеп го отвори првиот „Младински Информативен и Советодавен Центар ИНФО СЕГА“ во Македонија, додека во 2015 го отвори „Младинскиот Информативен и Советодавен Центар ИНФО СЕГА“ во Кавадарци.

Во периодот на 2010 – 2013 година СЕГА ги креираше првите 13 Локални Младински Стратегии во Македонија и тоа во 12 општини (Прилеп, Кавадарци, Неготино, Велес, Дебар, Гевгелија, Штип, Свети Николе, Радовиш, Тетово, Кисела Вода, Илинден) и Градот Скопје.

Во периодот 2011 – 2013 СЕГА континуирано и системски спроведуваше мониторинг на имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето во Македонија. Во 2017 година, СЕГА заедно со Меѓаши и МОФ, предводеше консултативен процес за законско уредување на ученичкото учество и организирање кој резултираше со Предлог текст за измени и дополнувања на законот за средно образование кој беше доставен до МОН.

Од 2011 година СЕГА континуирано работи со 20 основни и средни училишта каде ја воведе институцијата „Дете правобранител“ воспоставувајќи институционална рамка за соработка помеѓу децата и Народниот правобранител задолжен за заштита на правата на децата во Македонија. Во партнерство со истите овие училишта СЕГА воспостави процедури за демократски и фер избори за претседателите на одделенија/класови и беа формирани училишни/младински организации. Од 2015 година, во овие училишта започна да се применува Индекс за детски права преку кој се мери напредокот на училиштата во остварување на детските права. Од 2017 година, во партнерство со Бирото за Развој на

Образованието и МОН, изготви ресурсен пакет за ученичко учество и заштита на детските права кој се спроведува во 30 основни и средни училишта.
Почнувајќи од 2012 година СЕГА континуирано ја спроведува програмата Македонскиот Модел на Обединети Нации. Преку оваа програма младите се стекнуваат со вештини за истражување, јавно говорење, дебата, развивање конфликти, носење на одлуки со консензус како и лидерски вештини.
Во 2015, СЕГА го примени методот на структурен дијалог за прв пат во Македонија. До денес, СЕГА спроведе 6 циклуси на структурен дијалог за теми од областа на младинското вработување, младинско учество, младинско информирање и младинска работа.
Од 2017, СЕГА изготви и применува Индекс за Младински Развој Македонија во насока на зголемување на влијанието на младинските организации кон граѓанското учество во процесите на донесување одлуки на локално и национално ниво.
СЕГА во 2017 година беше особено фокусирана кон поддршка на социјалното вклучување на ранливите групи на млади луѓе преку создавање на еднакви можности за пристап до пазарот на труд, и во таа насока воспостави 4 Младински Инфо Кариерни Центри во Прилеп, Битола, Штип и Скопје.
Во своето петнаесет годишното работење СЕГА има изработено голем број на публикации, прирачници и мониторинг извештаи како и организирано голем број на семинари и обуки за подигнување на свеста за потребата од младинско учество како и застапување и лобирање за младинските потреби.
Коалиција СЕГА е формирана во 2004 година и во неа членуваат 29 организации (10 основни и 19 придружни членки). СЕГА е членка во Асоцијацијата на агенции за локална демократија, CIVICUS и ЕУРОДЕСК мрежата.

## Донаторска поддршка

Организациските и проектните активности на СЕГА во 2018 година беа поддржани од следните донатори:

- Детска Фондација Песталоци (Pestalozzi Children's Foundation)
- Проектот на УСАИД за Граѓанско учество (USAID's Civic Engagement Project)
- Асоцијација на Агенции за Локална Демократија (Association for Local Democracy Agencies)
- Град Скопје
- Општина Гази Баба
- Национална Агенција за Европски Образовни Програми и мобилност (ERASMUS +)
- Регионална канцеларија за малдинска соработка (RYCO)
- Преда Плус – ИПА